# ИЗВЕШТАЈ

за работа во 2017 година

# ВОВЕД

**Агенцијата за разузнавање** (АР) во 2017 г. работеше согласно законските надлежности, Стратешкиот план на АР за периодот 2015-2018г., стратешките надворешнополитички приоритети на Република Македонија, Програмата за работа за 2017 г., побарувањата за информации од Кабинетот на Претседателот на РМ за 2017 г. и тековните потреби за информирање за политички, безбедносни, економски и геополитички состојби.

Безбедносното опкружување на РМ во 2017 г. беше детерминирано од глобалните поместувања на центрите на моќ, поделбата на сфери на влијанија, конфликтите на Блискиот Исток и политичката турбуленција во регионот на Југоисточна Европа.

АР континуирано вршеше идентификување и навремено информирање на државниот врв и останатите органи и тела за безбедносните закани, за ризиците и предизвиците по националната безбедност и за виталните и трајните национални интереси.

АР изработуваше информации, анализи и проценки во функција на превенција, предвидување и рано предупредување со цел да му овозможи на државниот врв навремено одлучување и превентивно дејствување во процесот на носење решенија и креирање политики.

Приоритетите на АР произлегоа од надворешнополитичката агенда на Владата на РМ за засилување на активностите кон евроатлантскиот курс на државата. АР ги обработуваше внатрешнополитичките, економските и безбедносните процеси во непосредното опкружување, како и билатералните и регионални односи кои директно влијаат врз безбедноста на државата.

Во текот на 2017 г. РМ беше цел на хибридни закани во неколку клучни моменти, особено при промената на власта и промената на соседските односи.

Разузнавачките приоритети на АР беа насочени кон детектирање и откривање деструктивно влијание на надворешни сили, кои преку медиумско - политички инсталации во РМ и Регионот, се обидуваа да влијаат врз перцепцијата на граѓаните со проектирање на антизападен (анти НАТО/ЕУ) наратив.

АР ги обработуваше глобалните закани и ризици кои влијаат на регионален и внатрешен план, особено оние од кои произлегуваат илегалната миграција и шверцерските мрежи преку границите на РМ.

Поради влијанија врз безбедноста од конфликтите во Регионот на Блиски Исток, задржан е фокусот на заканите од меѓународен тероризам, странски борци и повратници, верски радикализам и насилен екстремизам.

# ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Поради засилените активности на шверцерските мрежи во близина на границата и обидите за реактивирање на Балканската рута, кризната состојба на северната и јужната граница беше продолжена до јуни 2018 г.

АР водеше разузнавачки операции и истражувања, а беа вршени интервјуа и набљудување на странски државјани во прифатните транзитни центри. Активна размена на податоци се вршеше со странски партнерски служби и на меѓуинституционално ниво со МВР, ЦУК, Групата за процена и Управувачкиот Комитет.

Интересот беше насочен кон собирање и обработка на информации за можностите од активирање на нов мигрантски бран од регионот на Блиски Исток, Северна Африка, преку Турција и Грција, активности на поттикнувачи и олеснувачи на илегална миграција за реактивирање на Балканска рута и користење мигрантски рути и канали за префрлање на странските борци повратници од кризните жаришта кон Европа и Балканот.

АР ги обработуваше заканите од илегална миграција од повеќе аспекти:

- Состојби и актуелни трендови со илегалната миграција во земјите долж Источно - Медитеранската рута
- Политички и други фактори кои влијаат врз миграционите процеси
- Криминални активности и шверцерски мрежи
- Олеснувачи
- Безбедносни аспекти

# ВЕРСКИ РАДИКАЛИЗАМ И МЕЃУНАРОДЕН ТЕРОРИЗАМ

Фокусот на разузнавањето беше ставен на активностите на верско-радикалните структури во Регионот и европската дијаспора кои пропагираат радикална идеологија. Од овие структури се регрутирани борци кои заминаа во кризните подрачја (Сирија и Ирак).

Беа обработени главните експоненти на верски радикализам и клучни лица во регионални и европски рамки. Добиените информации беа разменети со МВР и МО, како и со повеќе партнерски разузнавачки служби.

АР активно учествуваше со свој ангажман и продукт во подготвителни активности за изработка на Национална стратегија на РМ за превенција од екстремизам и Национална стратегија на РМ за борба против тероризам, поддржани со соодветни Акциски планови за спроведување мерки и активности предвидени со истите.

# ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

АР беше фокусирана на идентификување на форми на организиран криминал кои се поврзани на повеќе континенти и региони - нелегалната трговија со наркотици, цигари, оружје, муниција и експлозивни материи. Од интерес беше транснационалната криминална поврзаност со политички структури, корупција, перење пари, креирање на сиви зони за развој на други видови криминал и нејзиното влијание врз носење на одлуки.

Беа преземени оперативно-разузнавачки активности за следење на групи и поединци од каде се очекуваше или беше застапена криминална активност од областа на транснационалниот организиран криминал. Голем дел од добиените информации беа разменети со МВР и со Управувачкиот комитет, како и со повеќе партнерски разузнавачки служби.

# ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ И БЕЗБЕДНОСНИ ИНТЕРЕСИ

## РЕГИОН НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Во однос на политичко-безбедносните импликации кон РМ и Балканот, предмет на разузнавачко – аналитички интерес на АР беа елементите на:

- Внатрешна политика
- Надворешна политика
- Економија
- Безбедност
- Енергетска безбедност
- Билатерални односи со РМ

## ОСТАНАТИ ЗЕМЈИ И РЕГИОНИ

Активностите на хибридната војна меѓу Русија и Запад, кои се прекршуваат во Регионот, вклучително и во РМ.

## БЛИСКИ ИСТОК И СЕВЕРНА АФРИКА

Политичките, економските и безбедносните состојби со влијание на меѓународните односи и со посредно влијание врз безбедноста на Регионот.

## МЕЃУНАРОДНА И МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка во 2017 г. се карактеризираше со изразена динамика во одржувањето средби на сите нивоа и интензивна кореспонденција со партнерските служби на тема:

- Меѓународен тероризам
- Насилен екстремизам
- Верски радикализам
- Странски терористички борци
- Организиран криминал
- Илегална миграција
- Политички, безбедносни и економски состојби во регионот

## БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

АР оствари меѓународна соработка со вкупно 46 партнерски служби на 5 континенти, од кои дел во земји и региони кои се извор на закани, во тек се воени дејствија, се наоѓаат на транзитни коридори или се цел на промени во меѓународната политика која влијае на носењето на одлуки. Со нив АР размени 1963 ноти, од кои 1041 отстапени и 922 примени. Одржани беа вкупно 35 експертски средби со претставници на службите со кои има стратешко партнерство, со службите од земјите во регионот, на земјите - членки на ЕУ и со службите од Блискиот Исток и Северна Африка.

Беа реализирани 16 директорски билатерални средби, во споредба со седум во 2016 г. Во 2017 г. во рамките на билатералната соработка претставници од АР учествуваа на неколку обуки организирани од партнерски служби.

## МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

АР активно учествуваше на меѓународни разузнавачки и експертски конференции, на пленарно и на експертско ниво, како и на регионалните средби, на ниво на шефови на служби и на експертско ниво.

Директорот учествуваше на три директорски мултилатерални и на две директорски регионални средби.

## МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

АР одржуваше координативни состаноци и размена на информации со МВР, МО, МНР, ЦУК, Управата за финансиско разузнавање и Националниот координативен центар за гранично управување и Царинската управа.

АР потпиша меморандуми за соработка со првиот приватен универзитет ФОН, со Факултетот за безбедност при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и со Факултетот за детективи и криминалистика при Европскиот универзитет.

Покрај соработката со партнерските служби на билатерално и на мултилатерално ниво, претставници на АР учествуваа и на повеќе конференции, семинари, работилници и обуки во земјата и во странство.

## ТЕХНИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ

Техничкото разузнавање согласно динамиката на промените во безбедносното окружување на РМ беше насочено кон собирање информации за актуелните состојби и активности на целите од интерес, како и кон откривање нови извори заради идентификување на можните безбедносни закани.

Реализирана е обука на вработените и постојано адаптирање на работниот процес со цел квалитетен одговор на променливото окружување и на тековните безбедносни закани.

## РАЗВОЈ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКО - КОМУНИКАЦИСКИ СИСТЕМИ

Се вршеше планирање, развој и изградба на системите за информатика и комуникации, одржување, сервисирање и нивна експлоатација, како и спроведување информатичка безбедност на информациите.

Со цел подигнување на нивото на информатичка безбедност и намалување на трошоците на работење, АР го надгради системот за работа без хартија, воведе нови безбедносни процедури и контролни механизми во согласност со најсовремните стандарди, препораки и искуства за безбедност на информации и сајбер заштита.

## КРИПТОЗАШТИТА

Врз основа на сопствен развој и преку интензивирање на меѓународната соработка, развиени се високо безбедни комуникациски ресурси за заштитена размена на информации за потребите на сопствената организациска структура, но и во процесот на позиционирање на АР на регионално и на меѓународно ниво.

Овозможено е високо ниво на функционалност и безбедност на сите комуникациски мрежи и канали за заштитена размена на информации. Воспоставени се нови билатерални заштитени комуникации.

## ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА И КОНТРАРАЗУЗНАВАЧКА ЗАШТИТА НА ОБЈЕКТИ И ЛИЦА

Одржувано е високо нивно на оперативно-техничката поддршка и примена на контраразузнавачки, контролно-безбедносни и други технички мерки и средства при процесот на работа.

Реализирани се технички, контраразузнавачки и контраприслушни прегледи на објекти и простории во рамките на активностите за безбедносна проверка и проценка на вработени во АР и други интересни лица. Во текот на 2017 г. беа извршени вкупно 57 полиграфски тестирања на вработени во АР.

# БЕЗБЕДНОСТ

Континуирано беа преземани мерки и активности за оперативно обезбедување и контраразузнавачка заштита, лично, физичко обезбедување и техничка заштита, како и безбедност и заштита на класифицираните информации.

Одделението за внатрешна ревизија во АР направи три ревизии: внатрешна контрола на системот за класифицирани информации; контрола на системот за електронска евиденција на влез/излез и контрола на начинот на користење на системите. Овластен инспектор од ДБКИ изврши контрола на поставеноста и примената на мерките за физичка безбедност на класифицираните информации во АР.

Заштитата на класифицирани информации се вршеше согласно Законот за класифицирани информации и прописите на АР, усвоените стандарди на НАТО и потпишаната Спогодба за безбедност и заштита на класифицирани информации со ЕУ.

Во рамките на инспекцискиот надзор на спроведување на безбедносните аранжмани за заштита на класифицирани информации на НАТО доставени во РМ, претставници на инспекцискиот тим на Канцеларијата за безбедност на НАТО извршија контрола на спроведувањето на мерките во однос на нивната безбедност и заштита во АР.

ДБКИ изврши инспекциски надзор на спроведувањето на мерките за безбедност и заштита на националните класифицирани информации во АР.

# ФИНАНСИСКО - МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ

Од Буџетот на РМ за 2017 г. беа одобрени средства во вкупен износ од 220.222.000 денари за вршење на дејноста. Учеството на средствата за плати и надоместоци во вкупниот буџет за 2017 г. изнесува 167.134.000 денари.

Средствата за тековно работење во 2017 г. (средства за стоки и услуги) во вкупен износ од 45.587.000 учествуваа во вкупниот буџет на АР со 20,7%.

Средствата за оперативна дејност со последниот ребаланс и извршени пренамени на буџетот за 2017 г. изнесуваа 24.041.398 денари, што претставува 10,92% во однос на вкупниот буџет. Средствата за капитални расходи наменети за опремување и реконструкција во 2017 г. изнесуваа 7.500.000 денари.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Беа изработени потребните документи за непречено функционирање на внатрешната ревизија, одобрени од Директорот на АР, и тоа: Годишен план за работа на внатрешна ревизија за 2018 г., Стратешки план за работа на внатрешна ревизија за период 2018-2020 г., Ажурирање на Ревизорскиот универзум за подготовка на годишен и стратешки план за тригодишен период, Годишен план за обуки за внатрешна ревизија и Регистар на препораки од тековната 2017 г.

Идентификувани се ризиците кои може да го загрозат нормалното функционирање на АР. За сите утврдени ризици направена е проценка на ризидуалниот ризик и утврден е факторот на ризик за сите компоненти: материјалност, контролна средина/ранливост, чувствителност, загриженост на раководството и утврден е индекс на ризиците.

Во изминатиот период направена е ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот на создавање, користење и чување на класифицирани информации во АР, контрола и евиденција за пристап и ревизија на процес на распределба, и користење и чување на моторни возила во АР.

## ПАРЛАМЕНТАРНА КОНТРОЛА И НАДЗОР

Во 2017 г. доставено е барање до собраниската Комисија за надзор над работата на УБК и АР да изврши контрола на работата на АР.

# СТАТИСТИКА

✓ Во разузнавачкиот дел се заведени:
- 10.969 основни акти со степен на тајност „државна тајна“ и „строго доверливо“
- 9.588 со „доверливо“
- 1.208 со „интерно“

✓ Во општиот дел се заведени 3.028 основни акти:
- 126 со степен на тајност „државна тајна“ и „строго доверливо“
- 630 со степен на тајност „доверливо" и „интерно“
- 2.272 со степен на тајност „некласифицирано“

✓ До надворешните корисници во РМ беа доставени вкупно 377 видови документи.

✓ Со партнерски служби беа разменети 2877 ноти:
- 2.559 во билатералната соработка
- 356 во мултилатералната соработка

# СТАТИСТИКА

| | Доставени | Добиени |
|---|---|---|
| ПРМ | 210 | 19 |
| ПВРМ | 101 | 60 |
| МНР | 106 | 49 |
| МВР | 56 | 27 |
| УБК | 82 | 2 |
| БЈБ | 94 | 9 |
| МО | 54 | 11 |
| ГШ на АРМ | 35 | 4 |
| ССВБиР | 77 | 22 |
| УФР | 5 | 1 |
| УК | 11 | 0 |
| ЦУК | 4 | 20 |
| МТиВ | 1 | 1 |
| Царинска Управа | 8 | 2 |

Агенцијата е надлежна да собира податоци и информации од значење за безбедноста и одбраната на Република Македонија и стопанските, политичките и другите интереси на државата.

Агенцијата соработува со државните органи за прашања од заеднички интерес. Во остварувањето на меѓусебната соработка, Агенцијата и државните органи се должни заемно да си доставуваат податоци, известувања и информации и да ги координираат акциите од надлежност на Агенцијата.

Во вршењето на посебните должности и овластувања вработените имаат право да собираат податоци, известувања и информации од делокругот на работата на Агенцијата. Граѓаните, органите, претпријатијата и други правни лица овозможуваат уредно вршење на работите од делокругот на Агенцијата.

Во вршењето на работите и користење на податоците и информациите, работниците на Агенцијата се должни да ги почитуваат правата и слободите на граѓаните загарантирани со Уставот и да обезбедат заштита на тајноста на податоците и информациите со кои располагаат.

АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ